ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЈУ КУЛТУРНО ИНФОМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2022

Вовед

ЈУКултурно информативен центар-Скопје, е јавна установа која е основана пред повеќе од половина век во далечната 1967 година и претставува столб на културниот живот во град Скопје така и во целата република.

Во децениското постоење, ЈУ културно информативен центар – Скопје, во своите два изложбени салони и театарско-концертната сала, Салон 19,19 , има организирано ликовни изложби, концерти, театарски претстави, литературни вечери, перформанси и останат вид настани од познати реномирани уметници од Македонија, Европа и светот, како и на млади автори со голем потенцијал, на кои име е потребна афирмација.

Центарот опфаќа повеќе сфери на културните уметности, поделувајќи ги истите во 4 сектори кои се:

- Литературен сектор

- Драмски сектор

- Ликовен сектор

- Музички сектор

ЈУ Културно информативниот центар има соработка со бројни институции во успешен обид да се формира еден ланец на културата кој со заемна работа на преостанатите институции се здобива со прекрасни резултати

Локација

ЈУ Културно информативниот центар, со атрактивната локација во централното подрачје на градот, едно репрезентативно здание, за секој случаен минувач или пак, посетител, кој сака да се информира или да посети одреден културен настан, случување.

Лоциран е на улица “Филип Втори Македонски“ бб, што значи дека поставките во истиот се достапни за посетување на секого.

ЛИТЕРАТУРЕНИОТ СЕКТОР

„МАКЕДОНСКИ КНИЖЕВНИ ТЕКОВИ“

Доделени средства од Град Скопје

СЕ ВКУПНО: 367.000,00 ден.

Секторот за Литература во 2022 година реализирани 25 промоции на книги, трибини и одбележување на јубилеи.

Поетско читање со Јовица Ивановски, Елизабета Баковска и Тихомир Јанчовски

вкупно:13.728,00ден.



Јовица Ивановски роден 1961година во Скопје. Автор на книгите: Зошто мене ваков џигер, Три напред три назад, Деновиве, ако не и утре, избор на македонски и англиски, Набилдана месечина, избор на македонски – прв дел и многу други.Еден од шесте автори застапени во двојазичната книга Шест македноски поети (2011), објавена во Англија,

Елизабета Баковска — писателка и книжевна теоретичарка. Родена е во 1969 година во Битола. Во 1992 година дипломирала на групата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а во 2000 година магистрирала на истиот факултет. Во 2013 година докторирала на родовите студии на институтот „Евро-Балкан“ во Скопје. Од 1998 работи во Холандската амбасада во Скопје.

Тихомир Јанчовски – поет, професор, преведувач и колумнист. Роден е на 24 август 1967, во Скопје. Дипломирал општа и компаративна книжевност на УКИМ (1991), специјализирал средновековни студии во Унгарија (1996), магистрирал современа историја (2008). Објавил единаесет книги поезија, два романи и една книга колумни.

Познатите македонски поети читаа своја поезија, претставувајќи се еден со друг пред публиката.

Промоција на книгата “Куќа од хартија” од Гордана Каракашевска

вкупно:13.156,00 ден.

Гордана Каракашевска е родена 1973 година во Пехчево.Уште како мала покажувала склоност кон уметноста, особено сликарството и литературата. Живее, работи и твори во Скопје. Пишува песни и раскази на македонски, италијански, српски и на англиски јазик.

Нејзините песни се преведени на други јазици и објавени во домашни и меѓународни литературни групи, онлајн списанија како и антологии во печатена и онлајн форма во Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Србија.

Во книгата „Куќа од хартија“ продолжувам да ја истражувам дуалноста меѓу светлината и темнината, сигурноста и сомнежот, сеќавањата и заборавот, но и контрастите помеѓу јасноста и неодредените сеќавања и конечно, пишувам за смртта како физички крај на сѐ што живее, но од друга страна пак, речиси во сите песни пеам за пролетта или само ја *навестувам* по зимата, пролет како ново раѓање, ренесанса. Мојата поезија му пркоси на секојдневниот живот и на минливоста.

Книгата ја промовираа Вања Таневски, модераторот на настанот Јулијана Величковска-Димоска стихови од стихозбирката читаше актерката Елизабета Клинчаревска Младеновска

Промоција на книгата “Луѓенца” од Лилјана Пандева

вкупно:13.156,00 ден.

Лилјана Пандева е родена 1964 година во Ново Село, Струмица, дипломирала 1989 година на Катедрата за југословенска книжевност и македонски јазик (денешна Катедра за македонска книжевност) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ. Потоа магистрирала на тема „Поетските фигури на формата во македонската книжевност меѓу традицијата и иновацијата“, а со со звањето доктор по филолошки науки се стекнува на Филолошкиот факултет при УКИМ со одбрана на докторската дисертација на тема „Адвербијализацијата во македонскиот јазик“.

Автор е и на повеќе стручни трудови од областа на македонистиката. Во оваа збирка раскази Лилјана Пандева ја преточува сета своја умешност во создавањето, односно во пресликувањето на реалност во фикцијата. Или обратно. Во нејзините раскази, особено во овие, реалноста и фикцијата се неразделни. Книгата ја промовираше Владимир Мартиновски, модераторот на настанот Јулијана Величковска-Димоска, а делови од книгата читаше авторката

Промоција на книгата "Разнишан свет" од Ирена Јурчева

вкупно:13.156,00ден.

Ирена Јурчева е родена во 1982 година во Белград. Живее и работи во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, на Катедрата за преведување и толкување. Работела како наставничка по англиски и француски јазик во повеќе училишта и јазични центри во Скопје. Превела повеќе од петнаесет книги за три издавачки куќи воМакедонија. Организирала и учествувала во повеќе работилници за креативно пишување.

Расказите во книгава започнуваат со секојдневието на скопскиот плоштад а завршуваат во неименуван град во угнетувачко дистописко општество. Ова не се класични дистописки раскази, туку се доминантно психолошки, испреплетени со внатрешни борби на ликовите.

Книгата ја претстави Александра Јуруковска, делови од книгата читаа Светла Јакшиќ и Емануела Ковачевска Китановска, музичка изведба Јасна Трпкова и Дарко Јованов.

Книжевна вечер со Емануела Ковачевска Китановска

вкупно:12.584,00ден.



На средбата се дискутираше, разговара, дебатира со авторката за нејзиното творештво. Учествуваа Филип Клетников, модератор на настанот, извадоци од творештвото читаше авторката и Билјана Петровска музичка изведба

Појавата на уметници со сестран, ренесансен профил се редок и исклучителен настан на било која уметничка сцена и скапоцен влог во културната средина каде се активни. Токму таква појава претставува младата Емануела Ковачевска-Китановска. Активна пред сè како актерка и поетеса, оваа млада уметница зад себе веќе има неверојатно импресивно творечко портфолио за своите години. Нејзиното впечатливо присуство на театарската, книжевната и слем-сцената ја прави Ковачевска-Китановска особено интересна соговорничка и уметница која едноставно мора да ѝ биде претставена на скопската публика.

ЕМАНУЕЛА КИТАНОВСКА-КОВАЧЕВСКА (2002, Скопје), актерка, поетеса, ликовна уметница. Нејзината прва поетска книга, „Кожена душа“ (2021) ја добива наградата за најдобра поетска книга од автор до 25 години во рамките на културната манифестација „Антево перо“. Својата прва монодрама, „Драг Вардар“ (2021) премиерно ја претставува на

фестивалот „Коронијалс“. Учествувала на низа поетски читања, поетски фестивали, како и книжевни, музички и театарски работилници. Нејзината поезија е објавена во повеќе групни поетски збирки од средношколски автори, меѓу кои и „Јас, ти и Скопје“ (2017), поддржана од Град Скопје.

Промоција на книгата “Приказни за деца и животни” од Тихомир Јанчовски

вкупно:12.584,00ден.



Книгата ја претстави Јулијана Величковска-Димоска, делови од книгата читаше Тихомир Јанчовски и Горазд Китановски

Тихомир Јанчовски – поет, професор, преведувач. Роден е на 24 август 1967, во Скопје. Основно и гимназија завршил во родниот град. Дипломирал општа и компаративна книжевност на УКИМ (1991), специјализирал средновековни студии во Унгарија (1996), магистрирал современа историја во Скопје (2008). Досега му се објавени четириинаесет книги поезија, два романи и една книга колумни.

Преведуван е на 15 јазици: англиски, француски, словачки, српски, хрватски, албански, босански, грчки, германски, грузиски, словенечки, руски, украински, персиски и италијански јазик.

“Приказни за деца и животни” е неговата прва книга за деца, се работи за баснарка-боенка. Содржи 14 басни со илустрации во кои ликовите главно се урбани животинки што се наоѓаат пред разни искушенија и дилеми кои ги решаваат на детски наивен и љубовен начин. Во книгата ќе ги најдете бувот Џуши, крокодилот Кроко, Дино Сајрус, јазовецот Бранко, мрзливецот Ано, две деца што станале китови, кучето Флопи и други протагонисти

Промоција на монографии “Седум цркви во Охрид” , “Седум цркви во Плегонија, Преспа и Мариово”, “Седум цркви во Република Македонија”

вкупно: 9.152,00ден.

Промоција на три монографии на Здружението Македонида посветени на најзначајното културно благо на Макеоднија - македонските правослвни цркви и манастири најновата едиција – “Седум цркви во Охрид” издадена во мај 2022, “Седум цркви во Плегонија, Преспа и Мариово, издадена “ во 2019, “Седум цркви во Република Македонија” издадена во 2014. Автори на книгите се проф. Елизабета Димитрова, Гордана Велков, Ристо Палигора, проф. Филип Нивонер и Ивона Панџак Пинева . Сите книги се издадени на англиски јазик. Уредник на сите изданија е проф. Панче Велков.

Станува збор за екслузивни изданија кои ги промовираат нашите најзначајни споменици на културата - средновековните цркви и манастири. Спомениците на културата се

претставени со оригинални фотографии и текстови напишани од македонски реномирани историчари на уметност. Трите публикации ја видоа светлоста на денот благодарение на сесрдната подршката од познатиот американски филантроп од Чикаго Господинот Ричард Х. Дрихаус.

Промотори на книгите проф. Панче Велков и проф. Ристо Солунчев, а на промоцијата на пристуните со пригоден збор се обратија и високи преставници на Македонската Православна Црква од Преспанско - Пелагониската Епархија. како и преставник од градската управа на Охрид.

Промоција на книгата "Етапите на ноќта" од Милош Латиновиќ

вкупно:13.155,00ден.

Промоција на книга "Етапите на ноќта" од Милош Латиновиќ роден на 23 септември 1963 година во Кикинда. Завршил факултет за политички науки во Белград. Работел како новинар во весникот „Комуна" и на Радио Кикинда.За новинарската репортажа „Сред поле околу море" објавена во магазинот „Неделен дневник" во 1999 година доби „Гран При" на фестивалот „Интерфер"во Сомбор.

Автор е на шест збирки раскази, осум романи, две книги есеи, две монографии и десетина драмски текстови. Книгата *Раскази на ветровите,* по две изданија во Србија е преведена на романски и германски јазик, а Сто дена дожд на бугарски јазик (Персеј Софија), исто така

бројни прозни текстови му се преведени на англиски, унгарки, словенечки, словачки, руски и македонски јазик. Моментално е директор на БИТЕФ театрот.

Романот **„Етапи на ноќта“** на Милош Латиновиќ ќе нè понесе низ чудни времиња, на уште почудни настани и ликови, кои некако вовлекувајќи ни се под кожа, начнуваат прашања за препознавање на ноќта – која и не е всушност само ноќ, туку живот.

Книгата ја претстави Гордана Јовиќ – Стојковска и Младен Весковиќ, делови од книгата читаше Мирослав Петковиќ

Промоција на книгата “Среќен мртовец” од Марјан Анѓеловски

вкупно:13.528,00ден.

Марјан Анѓеловски е роден во Скопје во 1987 година. Пишува и настапува низ земјава и низ Балканот со хумор, сатира и театарски претстави, а работи и како сценарист во тв-емисии. Автор е на книгите: „Македонијо, off мори мајко“, „Го силувавме ежот“, „Животот е краток и нејасен“ и други. Застапен е и во неколку антологии на балканскиот и на македонскиот афоризам. Член е на реномираното друштво за сатиричари „БАК“ од Белград, Србија. Добитник е на повќе награди .

Делото **„Среќен мртовец“** е урнебесна сатирична драма за живиот мртовец Живко, кој поради системска грешка добива решение дека починал. Од тој момент неговиот живот се претвора во пекол и борба со нефункционалниот државен систем, бирократија и административни лавиринти. Преку еден апсурден начин, во својата борба да докаже дека е жив, Живко го соголува до гола кожа државниот апарат и сите негови слабости.



Промотор и рецензент на книгата Снежана Стојчевска, а учествуваа актерите Петра Ивановска, Огнен Велевски, Јасмин Рамани, Ивана Стамевска, Ристе Мицевски, Елена Ѓорѓевска и Сара Николовска

Промоција на книгата “Конески како тестамент” од Весна мојсова -Чепишевска

вкупно:13.069,00ден.



Весна Мојсова-Чепишевска е редовна професорка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на којшто повеќе од три децении предава група предмети од областа на современата македонска книжевност, а повеќе од една деценија и предмети од областа на книжевноста за деца, како и од областа на македонската култура. Авторка е на над 350 објавени научни трудови во домашни и странски списанија, како и на 8 книги, приредувач е на 7 антологии и коавтор на една белетристичка книга. Од октомври 2019 година е директорка на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Книгата **„Конески како тестамент“** е резултат на долгогогодишната посветеност на Мојсова-Чепишевска на делото на Блаже Конески. Во книгата се отвораат повеќе прашања и

се анализираат сегменти од делото на великанот, коишто претходно не се согледани или потемелито анализирани и коментари од македонската книжевна наука. Со иновативен книжевно-теориски, историографски и културолошки пристап, во оваа книга, Мојсова-Чепишевска предочува и низа малку познати информации, податоци и интерпретации и доаѓа до низа тези, согледби и заклучоци, коишто претставуваат ново исчитување и валоризација на делото на Конески како нулта точка на современата македонска култура.

На промоцијата, книгата беше претставена со осврт на Иван Антоновски и со разговор меѓу него и Мојсова-Чепишевска, со прашања отворени и поттикнати со „Конески како тестамент“. Музичката програма на настанот беше во изведба на Каролина Петровска, на пијано.

Промоција на книгата “Бушава азбука” од Горан Стефановски и Душан Периќ

вкупно:13.156,00ден.

Културната книга за деца „Бушава азбука“ од Горан Стефановски и Душан Петричиќ конечно го доживеа своето реиздание, во рамки на едицијата за деца и млади на издавачката куќа Чудна шума.

Промотор беше книжевната критичарка и теоретичарка Александра Јуруковска, модератр на настанот Билјана Црвенковска, а делови од книгата читаше актерката Тина Трпкоска.

Поминаа повеќе од 35 години откако беше создадена културната ТВ-серија за деца, а по неа и сликовницата ‘Бушава азбука’ на Горан Стефановски, со илустрации на Душан Петричиќ. Со ‘бушавите букви’ растеа генерации и генерации, учејќи го македонскиот јазик и скапоцените подзаборавени, архаични зборчиња кои се одраз на неповторливата македонска книжевност, култура и традиција.

Горан Стефановски е роден на 27 април 1952 година во Битола. Завршил студии по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје. Студирал и драматургија на театарската академија на Универзитетот во Белград

Од 1978-1986 е асистент по англиска книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје (работа на полето на англиските студии со посебен акцент на Шекспир и англиската драма).

Од 1986-1998 е редовен професор по драматургија на Факултетот за драмски уметност во Скопје (работа на полето на креативното пишување и студии на драмските теории и модели).

Во литературата дебитира пред триесетина години со ТВ- играта „Клинч“ (1974). Оттогаш па се до нашиве дни се пројавува како плоден и атрактивен автор, главно во драмската уметност, врзувајќи и го своето и националното име за престижни и високи домашни и интернационални награди и признанија. Во орбитата на сеопштиот интерес се пробива со драмата „Диво месо“

Горан Стефановски е изведуван на сите македонски сцени .Почина на 27 ноември 2018 година.

Сликовницата „Бушава азбука“, грижливо чувана, со искинати страници, со децении се пренесуваше од родители на деца

Душан Петричиќ е српски илустратор и карикатурист. Има илустрирано бројни книги за деца, а неговите карикатури се појавуваат во реномирани магазини и дневни весници, од „Политика“ до „Њујорк тајмс”. По завршувањето на студиите на Академијата за применета уметност работи како карикатурист во „Вечерње новости” , а потоа се сели во Канада, од каде што работи со реномирани весници како што се „Њујорк тајмс”, „Вол стрит џорнал“ и „Торонто стар “. Од 2009 година почнува да подготвува карикатури за неделното издание на „Политика”, а во 2013 година се враќа во Белград. За неговите илустрации за деца, ја има добиено престижната награда – Почесен сертификат на IBBY (International Board of Books for Young People), како и Alberta Book Award и The Longitude Prize, наградата Levstik во Словенија и многу други.

Промоција на книгата „Соништа на писателот“ од Мимоза Рајл

вкупно:12.869,00ден.

Драмско – музичка промоција на книгата “Сонишатата на писателот” од проф. д-р Мимоза Рајл. Учествуваа еминентни уметници, актери и музичари

Д-р Мимоза Рајл е директор на институтот за сценски уметности на “Интернационалниот универзитет Европа Прима” во Скопје. Таа е професор по Естетика на аудио-визуелните

уметности, како и есеист, колумнист, театарски критичар и поет. “Соништата на Писателот” е најновото дело на д-р Рајл во корпусот на едно разнородно уметничко творештво, во кое преку главните ликови ги решаваме вечните прашања, се соочуваме со себе си и нашиот животен пат, се до новата свесност на убавината и смислата.

Чествување на Коста Солев Рацин

вкупно:12.584,00ден.

Кочо Солев Рацин (Велес, 22 декември 1908 - Лопушник, 13 јуни 1943) — македонски книжевник и комунист, најпознат по својата поезија. Се смета за еден од основоположниците на современата македонска книжевност, а неговата стихозбирка „Бели мугри“ (Загреб, 1939) претставува едно од најзначајните дела во современата македонска поезија. Освен со поезија, Рацин се занимавал и со проза, а напишал и неколку значајни трудови од областа на историјата, филозофијата и книжевната критика.

Речиси осум децении од смртта, а сè уште ненадминлив, сè уште најсакан од нацијата, сè уште токму неговите стихови се оние кои секој Македонец умее да ги каже наизуст. Љубовта и почитта се нешта што не се стекнуваат сосила, а нашиот Рацин е токму од обичниот, питом македонски народ прифатен за свој, како најголем меѓу големите. На 13 јуни се одбележа годишнина од неговата несреќна смрт на Лопушник, до ден денешен обвиена со мистерии и нејаснотии.

Во таа чест, се празнуваше неговото име. На денот на неговата погибија се сеќававме со радост на него и на оставеното наследство за неговиот народ. Се потсетивме не само на неговите стихови, туку и на сето негово творештво кое просто дише од длабоките познавања на философијата, историјата, а сето тоа е толку големо зашто е напишано со крв и страст.

Учествуваа Тихомир Јанчовски, Моника Силјановска и Горазд Китановски

Промоција на книгата “Кутикула” од Будимка Поповска

вкупно:13.156,00ден.

Будимка Поповска студирала класична филологија на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје. Во периодот од 1996 до 2015 живее во манастир, каде што ја изучува старата македонска школа на цртање икони. Истовремено го уредува списанието за духовни

вредности „Премин“ (од 2000 до 2012г.) и учествува во бројни телевизиски и радио документарни емисии од областа на духовноста. До сега има објавено неколку книги поезија, есеи и раскази.

„Кутикула“ е збирка прозни записи настанати во едно време – невреме во кое духот на времето загатна еден куп неразрешени егзистенцијални загатки, на кои, за жал или за среќа, не постојат книжевни одговори. Одговори запишани во книга коишто чекаат таму некој да ја отвори и да добие готов увид во решенијата и се обидува да го долови тоа сознание, дека секој човек е индивидуа којашто мора сама да дојде до клучните одговори во животот од коишто зависи нејзиниот опстанок и развој.

Книгата беше претставена со осврт на Тихомир Јанчовски, делови од книгата читаше Будимка Поповска, музичка изведба на Ѓоко Здравески

Промоција на“Речникот на хомонимите во македонскиот јазик”од Емил Ниами вкупно: 14.643,00ден



Емил Ниами е роден во 1977 година во Скопје. Во 1999 година дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на групите за Руски јазик и книжевност и Американски студии. По завршувањето на студиите работи во А1 телевизија и во дневниот

весник „Време“ на различни позиции. Во 2007 година ја одбранил магистерската дисертација „Паронимите во македонскиот во споредба со рускиот јазик“. Емил Ниами е автор на првиот Речник на паронимите во македонскиот јазик и на првиот Речник на антонимите во македонскиот јазик, за кој ја доби и наградата „13 Ноември“ за наука во 2021 година.

„Речникот на хомонимите во македонскиот јазик“ е уште еден прв речник, овојпат на оние зборови што по својот графиски израз се идентични, но по своето значење се сосема различни. Ова е уште еден пионерски труд, чија важност ги надминува рамките на лингвистичката теорија. Во однос на македонистиката, овој речник го става македонскиот јазик на мапата јазици што имаат фиксирање на јазичните разновидности во речници.

Промотори на „Речникот на хомонимите во македонскиот јазик“ Красимира Илиевска и Симона Груевска Маџоска, а модератор на настанот Мишел Павловски

Промоција на на книгата „Пандемија и постхуманизам“ (есеи) од Иван Џепароски вкупно: 14.293,00ден.

Иван (Ивица) Џепароски (9 мај 1958, Скопје) е филозоф, естетичар, критичар, антологичар и поет. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што и магистрирал и докторирал. Автор е на над триесет книги: на петнаесет книги од областа на естетиката и на културната теорија, на осум поетски книги, на три поетски антологии и на осум книжевнотеориски и есеистички избори. За своето творештво ги има добиено наградите: „Млад Борец“ (1984), „Димитар Митрев“ (1993), „Парадигма“ (2009), „Браќа Миладиновци“ (2016) и „Книжевен жезол“ (2021).

Добитник е и на наградата „Григор Прличев“ (1993) за поетски превод. Работи на

Филозофскиот факултет во Скопје како редовен професор по Естетика и Филозофија на културата. Во неколку мандати бил раководител на Институтот за филозофија (2004–2009; 2013–2021), раководител на постдипломските студии на овој институт (2009–2013) и секретар на македонскиот ПЕН-центар (1999–2001; 2008–2014). Во моментов е раководител на постдипломските Интеркултурни студии (2021–2022) на Филозофскиот факултет во Скопје.

Книгата **„Пандемија и постхуманизам“ (есеи)** на реномираниот македонски филозоф, естетичар и теоретичар на културата проф. д-р Иван Џепароски, претставува едно од првите вакви дела кај нас во кое се анализираат прашањата поврзани со промените што се случуваат во нашата современост, и на глобален и на локален план. Пристапот кон овие актуелни прашања е од гледна точка на релациите помеѓу пандемијата на Ковид-19, од една страна, и на постхуманизмот и трансхуманизмот, од друга страна.Книгата ја промовираа Наташа Аврамовска и Мишел Павловски и беше музички збогатена со настап на Билјана Петровска – пијано.

Дискусија за препевот како посебна вештина во преводниот занает и промоција на мултијазичната збирка поезија „За една кратка урбана љубов што стравуваше да се нарече себеси така“ од Елена Пенџова

вкупно: 17.257,00ден.



Елена Пренџова е поетеса, слемерка и препејувачка од Скопје. Таа е магистерка по Филолошки науки и дипломирана професорка по Англиски јазик и книжевност. Менторира работилници за слем и креативно пишување. Авторка е на десетина поетски книги. Пренџова е националната претставничка на Европското слем-првенство од 2016 година.

ЗА ЕДНА КРАТКА УРБАНА ЉУБОВ ШТО СТРАВУВАШЕ ДА СЕ НАРЕЧЕ СЕБЕСИ ТАКА е осма по ред авторска збирка поезија на Пренџова која претставува циклус од десетина модерни, лирични песни, во книгата објавени на македонски, албански, српски, словенечки, италијански и англиски јазик.

Дискусијата за препевот како посебна вештина во преводниот занает ги покрена темите за чинот на препевот меѓу сродните и несродните јазици, за преводната наука воопшто, за препевите од другите јазици на англиски направени од немајчини говороител(к)и, за улогата на поетот/поетесата како преведувач(к)и, за начинот на кој поетите/поетесите работат лектура на туѓа поезија, но и за пресудните фактор при изборот на песните за препев.

На настанот учествуваа Елена Пренџова,модераторка и интерпретаторка на поезијата, Виолета Танчева, лекторка и промоторка , Даим Мифтари, препев и учесник на дискусија, Ирена Јурчева илустраторка и учесник на дискусија, Катарина Фиаменго, Искра Пенева, Немања Стојковиќ – Блеки од Србија – преведувач на српски, Намита Субиото од Словенија - превод на слвоенечки, Лучила Трапацо од Италија/Швајцарија - препев на италијански, Мет Мјури од САД – препев на англиски.

Промоција на на книгата „Моделирање на институциите во уметноста и културата“ од Биљана Тануровска – Ќулавковски

вкупно: 14.956ден.



Биљана Тануровска - Ќулавковски е културен работник- истражувач, куратор, продуцент, ко-основач на организации, мрежи, платформи и простори. Фокусот на нејзиниот професионален интерес е во истражувањето на изведбените и перформативните уметнички пракси, културните политики и проблематизирање на нивното влијание врз развојот на социокултурниот систем, работните услови, уметничките пракси и управувачките модели (на институциите). Дипломирала историја на уметност и археологија, магистер е на науки по интеркултурализам, културен менаџмент и културна политика на Универзитетот за уметности во Белград, а докторира на Факултетот за драмски уметности во Белград во 2018г. Во 2019 год. за својот докторски труд ја добива меѓународната наградата на ENCATC, а, во 2021 година, ја добива наградата на AICA Македонија „Ладислав Баришиќ“ за истражувањето „Политички перформанси како проширено поле во Македонија во 90-тите“

Што е пост-институција во константно променливиот културен простор? Колку демократска, транспарентна и отворена може да биде? Како уметничките организации го преговараат својот развој и уметничкиот и активистички етос? Книгата на Биљана Тануровска - Ќулавковски дава иновативна и предизвикувачка анализа на променливите реалности на (институционалниот) културен систем. Концептуално софистицирана, привлечна и со имагинативни и етички релевантни решенија, оваа книга е навремен одговор на клучните прашања во културната политика. Книгата нуди инспирација, мотивација и алатки за креирање на различни сцени во полето на изведбените, перфрмативните уметности и пошироко. Да, ние може да ги (ре)моделираме!

Милена Драгичевиќ-Шешиќ

Книгата ја промовираа Лорета Георгиевска – Јаковлева, Славчо Димитров и Роберт Алаѓозовски

Промоција на книгата „Страшна ноќ“ од Славко Јаневски, илустраторка: Наташа Андонова

вкупно: 14.956,00ден.

Славко Јаневски (1920-2000) е најважниот македонски писател за деца, а можеби и за возрасни. Пишувал книги за деца, романи, песни, филмски сценарија, есеи, патописи… Од 1945 година бил уредник на првиот македонски весник за деца „Пионер“, а потоа бил главен

уредник на повеќе книжевни списанија, меѓу другото и на списанието за деца „Титовче“ и на хумористично-сатиричниот весник „Остен“.

Во Темплум во 2014 г. беше објавен избор од неговите песни за деца под наслов *„Како така? Зошто така?“ Сè да знае светот сакал!* со илустрации на Владимир Лукаш. Во Темплум излезе и избор од неговата поезија, *Коренот на стеблото ја надминува мерата на нивните разуми.*

Наташа Андонова (1974, Скопје) е ликовна уметница, илустраторка, костимографка, сториборд артистка и аниматорка. Театарска и филмска костимографија работи од 1998 г. како автор и асистент во низа театарски проекти, вклучувајќи детски куклени претстави. Во филмската дејност работела како костимограф, сет дресер, сториборд цртач и видео аниматор.

Во областа на ликовната уметност реализирала десет самостојни изложби и бројни групни изложби во Македонија и странство.

Расказот на Јаневски, „Страшна ноќ“, според кој е направена сликовницата, е антологиски, еден од најубавите раскази во македонската книжевност. Сликите на Андонова совршено ги доловуваат ритамот и експресивноста на Јаневски и читателот – до самиот нос! – го нурнуваат во атмосферата на „страшната ноќ“, кога оживуваат играчките а остануваат да ѕиркаат само очите на исплашените и љубопитните. Дејството се случува во едно дуќанче во „гратче со тесни сокачиња, стиснати од двете страни со трошни куќарки, шарени и со црвени петленца на стреите“.

Интересно е што Андонова главниот лик на стариот продавач на играчки го изградила со помош на ликот на Славко Јаневски…

Говорници Фросина Крушкаровска и Никола Гелевски, а извадоци од книгата чита ше Марина Туфекчиевска.

Промоција на романот „ПРЕВЕЗ” од Иван Стојановски

вкупно: 14.381,00ден.

Иван Стојановски е роден на 13.03.1982 год. во Скопје. Дипломиран филолог по општа и компаративна книжевност**.** Покрај тоа што го интересираат сите видови на уметности (сликарство, музика, филм) сериозно се посветува на пишувањето од средношколска возраст. Плодот на неговата непрестајна работа во пишувањето досега брои неколку романи, колекција од драми, повеќе збирки поезија, неколку збирки различни видови на раскази, голем број текстови, есеи и друго. Романот е преведен на англиски (The Veil) е и веќе неколку години се продава на Amazon.com го има во Kindle и во печатена верзија – бидејќи вршат принт по нарачка.

Но иако е светски реализиран и од сите странци што го купиле и прочитале имам добар фидбек – редно е да добие македонска печатена верзија. Впрочем и рекламата за книгата е интригантна-вели:

“Изгубен ракопис патувал низ времето и просторот и сега е пред вас. Се осмелувате ли да го прочитате? “

Иван Стојановски

Романот го промовираа Верица Мукоска и Стефан Марковски, а извадоци од романот читаше писателот

Трибина „Какво време донесе *ветерот* во македонската книжевна стварност?“ по повод 10 години од објавувањето на антологијата „Ветерот носи убаво време“

вкупно: 19.558,00ден.



Што се случи на македонската книжевна сцена во изминатата деценија? Дали настапи нова стилска формација или изразен книжевен индивидуализам? Какви поетики се доминантни во македонскиот книжевен простор и дали со нив се остварија нови вредности во естетската вертикала на нашата книжевност? Колку од авторите што пред десет години беа

млади и надежни, дел од нив и дебитанти, денес се доминантни пера во македонскиот книжевен простор и дали за нив и натаму важи одредницата „млад автор“? Дали се случи некаква промена во рецепцијата на читателите за современата македонска книжевност? Кои и какви се актуелните нови гласови во македонскиот книжевен простор? Каква беше улогата на антологијата „Ветерот носи убаво време“ за македонската книжевна стварност?

Ова се дел од прашања кои се отворија на трибината „Какво време донесе *ветерот* во македонската книжевна стварност?“, која ја организира Културно-информативниот центар – Скопје, по повод 10 години од објавувањето на „Ветерот носи убаво време“ – антологија на најмладата македонска поезија и проза (Скопје: Матица македонска, 2012).



Уводни излагања на трибината имаа приредувачите на антологијата „Ветерот носи убаво време“, Весна Мојсова-Чепишевска и Иван Антоновски, а со свои согледувања од перспектива на веќе етаблирани автори, издавачи и организатори на книжевни манифестации се вклучиа Јулијана Величковска и Жарко Кујунџиски, по што се поведе и дискусија со присутните – поети и прозаисти, издавачи, книжевни критичари и преведувачи кои ги изнесоа своите видувања. Во рамките на настанот, преку куси разговори беа презентирани и согледувањата на авторите Ѓоко Здравески и Давор Стојановски, инаку и двајцата застапени во антологијата „Ветерот носи убаво време“ објавена пред една деценија, а денес едни од

најприсутните автори на македонската книжевна сцена, иако и двајцата се со ангажман надвор од земјата. По изнесувањето на заклучните согледби од трибината ќе се одржи и поетско читање на дел од актуелните млади поетски гласови кај нас, оние кои всушност, денес се носители на новото време во македонскиот книжевен простор – Андреј Ал-Асади, Ивана Јовановска, Викторија Ангеловска, Андреј Медиќ – Лазаревски, Марија Велинова и Диме Данов.

Пред десет години, со антологијата „Ветерот носи убаво време“ се промовираше нов бран автори и поетики во македонката книжевност и се бараше простор за нив во македонскиот книжевен простор како тогашни носители на ново книжевно време. По изминување на една деценија од објавата на оваа антологија, со оваа трибина се направи обид за критичко осврнување кон остварувањата и случувањата во македонската книжевна стварност во периодот од тогаш до денес, а со тоа и да се даде влог во критичкото опсервирање на македонската книжевна вертикала во актуелниот миг.

Промоција на книгата „ДЕНОТ КОГА ГО ИЗЕДОВМЕ БОГА” од Гордана Јовиќ – Стојковска

вкупно: 14.381,00ден.

Гордана Јовиќ - Стојковска е книжевник и есееистичар, преведувач и истражувач на јужнословенска митологија.

Родена 1961 во Грделица, Србија. Дипломирала на Филолошки факултет. Член е на ДПМ. Автор е на повеќе книжевни дела, поезија и проза. Сите нејзини прозни дела се објавени на српски и македонски како авторски. Од 2001 година активно се занимава и со преведувачка дејност и има над 30 поетски, прозни и стручни книги. Преведува од бугарски , словенечки, српски и македонски, автор е на повеќе детски ТВ драми и серијали реализирани во МТВ. Добитник на повеќе меѓународни и домашни награди Нејзините дела се преведувани над 20 светски јазици.

„Во овој роман, загадочно насловен како Денот кога го изедовме Бога, Гордана оди чекор подалеку, па тој свет го претставува не само како ослободен од смисла, туку и како агресивен, острастен и умоболен. Таа покажува дека кога светот ќе се ослободи од Бога, тој веќе нема потреба ни од морал ни од полиција ни од суд, зашто ако Бога го нема (како и кај Достоевски) – сè е дозволено. Затоа и за главна тема на своето најново прозно дело таа ја одбира – педофилијата: сексуалната злоупотреба на малолетнички, од страна на општествено имобилизирани и недопирливи моќници. Се разбира, околу оваа основна тематска оска, Гордана дијагностицира и една севкупна психопатологија на општеството“.

Книгата ја промовираа Елизабета Јончиќ и Иван Антоновски, извадоци од книгата читаше авторот, водител на вечерта Димитрие Мијатовиќ

Промоција на книгата „ПРАЗНО МЕСТО” од Снежана Стојчевска

вкупно: 16.106,00ден.

Снежана Стојчевска (1980) дипломира на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Од 2008 до 2022 година работи во филмската продукција Квазар Филм, како координатор продукција. Има работено на повеќе македонски филмови и на голем број телевизиски реклами и кампањи.

Во 2012 година ја објавува првата поетска книга *Шеќер по подот* во издание на ИЛИ-ИЛИ, како дел од едицијата Русалки, во која се јавува како уредник. *Под нулата* е нејзино второ дело, за кое ја добива наградата „Бели мугри“ за 2013 година, која ја доделува Домот на културата Кочо Рацин – Скопје. По нив следуваат поетските книги *Модри фантазии* (Темплум, 2015), *Треба да е лесно* (Антолог, 2017), *Ќе се завијам во песни* (МИ-АН, 2019).

Застапена е во повеќе антологии на младата македонска поезија.

Од почетокот на 2018 година е ангажирана како извршен уредник на списанието за литература, култура и уметност „Современост“. Истата година станува дел од Версополис европска платформа за поети и фестивали. Во 2019 се јавува како приредувач и уредник на арт панорамата - *Допир* во издание на Арт Еквилибриум Гевгелија. Член е на Друштвото на писателите на Македонија. Член е на организацискиот одбор на Скопски поетски фестивал, чие прво издание се одржа во септември 2021 година. Од април 2022 година ја извршува функцијата директор на Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ - Скопје.

„Празно место“ е книга за загубата, за љубовта, за семејството, за секојдневието, за проблемите, за пандемијата, но и за радоста која произлегува од конекцијата со блиските луѓе. Покрај овие теми, отвора прашања и за минливоста на времето, за материјалното и духовното постоење, како и за самата поезија, како начин да се обезбеди вечност.

Книгата ја промовираше Љупка Антеска, стихови ќе читаа Катерина Гогова, Биљана Стојановска и Долорес Атанасова-Лори, музичка поддршка Владимир Стојчевски на гитара.

Промоција на книгата „ДЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРАЗНИНАТА” од Даниела Андоновска – Трајковска

вкупно: 14.381,00ден.



Даниела Андоновска-Трајковска (1979, Битола) е македонска поетеса, прозаистка, книжевна критичарка, доктор на науки по педагогија во областа на методиките и редовен професор по методика од областа на јазикот и литературата на Педагошкиот факултет – Битола. Член е на: Друштвото на писатели на Македонија.

Во книгата се застапени 57 раскази, поделени во седум циклуси: „Деконструкција на танатосот“, „Деконструкција на празнината“, „Деконструкција на дијалогот“, „Деконструкција на домот“, „Деконструкција на живиот текст“,

„Деконструкција на поезијата“ и „Деконструкција на поезисот“

„Даниела Андоновска-Трајковска ја поставува празнината како едно распетие на антиматеријата, која, практично, не е празнина, туку густа исполнетост. Токму поради тоа, нејзините записи во оваа книга повеќе наликуваат на епистоларен дневнички композит, на кој му го дава шармот на интимата, на кореспондецијата со најдлабокото во самата себе. Во деконструкцијата на поезијата писателката ни ја открива последната димензија на генезисот: Уметноста е концентрат што експлодира во читателот. Ги читаме расказите и разбираме дека празнината е најгуста во поезисот, кој е сличен на отровот, кој во мали дози е лек„, вели Панов.

Книгата ја промовираа Лорета Георгиевска-Јаковлева и Мишел Павловски, а музички настап на Билјана Петровска – пијано

Промоција на книгата „СОК ОД ПРОСТАТА“ од Јован Павловски

вкупно: 20.245,00ден.

Јован Павловски речиси шеесет години е присутен во македонската култура како писател, енциклопедист и публицист. Автор е на над 40 книги (поезија и проза), над дваесет публицистички трудови. Особено е значаен неговиот придонес во македонската енциклопедистика. Тој е уредник и издавач на првата македонска општа енциклопедија.

Јован Павловски е во три мандата претседател ан Друштвото на Писателите на Македонија, добитник на високи литературни и државни награди.



Изданието е по повод 85 години живот и 65 години творечка дејност на истакнатиот македонски писател, енциклопедист и публицист Јован Павловски. Освен романот „Сок од простата“, во изданието се поместени и критички осврти за творештвото на Павловски од акад. Катица Ќулафкова, проф. д-р Наташа Аврамовска, проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, проф. д-р Гоце Смилевски, проф. д-р Владфимир Мартиновски, проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, доц. д-р Бобан

Карапејовски и м-р Иван Антоновски.

Култниот роман на Јован Павловски „Сок од простата“, веднаш по појавувањето во 1990 година, ги разбранува литературните и културните води во Македонија. „Сок од простата„ беше најчитана книга во времето на нејзиното објавување, беше прогласена за најчитана книга во Србија, а до денес има седум изданија на македонски јазик, како и редица преводи на други јазици.

„Сок од простата“ не е само еротски роман. Како и во своите други дела, Павловски му остава на читателот да избере која наративна линија ќе ја следи. Бездруго, романот може да се појми како еротска проза, проза која со директноста на изразот и со неговата реалистичност се стреми да ги пробие елитизираните, закоравени ставови за пристојното/непристојното, да ја деконструира хипокризијата на „високата литература“. Но... Исто така, „Сок од простата“ е длабока лирска приказна за осамеоста и културниот шок, за страста и љубовта, за несигурноста во сопствените чувства и колебањето: која е разликата меѓу страста и љубовта. Секако, „Сок од простата“ носи во себе и сериозна социјална приказна за моќта и немоќта, за општеството кое жестоко делува на нас, за парите и очекувањата на Другиот за тоа како треба, мора или е „исправно“ да се однесуваме. Со еден збор, „Сок од простата“ е комплексен роман кој покренува редица прашања, универзално актуелни. Тоа е роман кој, на свој начин, нуди и можни одговори на тие прашања. Дали ќе ги прифатиме или не, зависи од нас.

Книгата ја промовираа проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и проф. д-р Кристина Николовска,Мишел Павловски, модератор а музички настап имаше Билјана Петровска.

Вон програмски активности:

- Промоција на филозофската книга „Менцијe“ на приредувачот Игор Радев
- Промоција на зборникот „Филозофија и филм“
- Промоција на книгата Духовно-филозофски медитации и доживувања и книгата на Роасилно Чолаков
- Промоција на книгата „Пештера“ од Максим Ристески
- Дарко Симуновски – Фундаменти на крипто-индустријата

ЛИКОВЕН СЕКТОР

Доделени средства од Град Скопје

Се вкупно: 800.000,00 ден

АДЕМ САЛИУ, аудиовизуелна инсталација……..50.000,00 ден.

Како уметник, мојата креативност ја посветувам на дигитална уметност. Како уметник моите уметнички дела ги креирам исклучиво користејќи софтвери на дигитална платформа, аудио и виртуелна слика со вештачка интелигенција – изразена преку видео. Во денешната сè повеќе растечка култура на технологијата, нови и експериментални уметнички форми сè повеќе се користат за создавање на аудио-визуелна инсталација.



АГРОН АБДУЛИ, слики…….60.000,00 ден.

Абдули е роден 1971 година во селото Џепчиште, Тетово. Дипломирал во 1999 година на Факултетот за ликовна уметност, на Државниот универзитетот во Тетово, насока сликарство, во класата на проф. Тахир Емра. Постдипломските студии ги завршил во 2002 година кај истиот професор на Факултетот за уметност, при Универзитетот во Приштина. Работи како професор на Факултетот за ликовна уметност при ДУТ. Учествувал на повеќе групни изложби во земјава и странство. Самостојно излагал во Македонија, Косово, Босна и Херцеговина и во Франција.

СЛОБОДАН РАДОЈКОВИЌ, графики.....80.000,00 ден.

„На прв поглед станува збор за три различни наративи, циклуси, со кои Радојковиќ ѝ се представува на ликовната публика. Но тоа е привид, зашто сите три циклуси (Лулиња и чешли, Колиби и дождови, Мрежи), без оглед што се создавани во различни временски периоди, тие се тесно поврзани со потребата на Радојковиќ да ја надмине конечната форма и визуелната представа, при тоа ослободувајќи се од стварноста и преминувајќи во состојба на оностраното-на нешто што е повеќе од слика по себе, што преминува во метафора со која се напушта она што се гледа, и она што е вообичаен тек на нештата“, стои во најавата за настанот.

Радојковиќ е роден во 1967 во Ниш, Србија. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности (ФЛУ) во Скопје во 1992 година. Завршил постдипломски на ФЛУ во Белград, а на истиот факултет докторирал во 2016 година. Работи како професор по графика на ФЛУ Ниш, Србија. Има реализирано 25 самостојни изложби, а од 1993 учествува на повеќе од 350 групни изложби низ целиот свет.

ВЕРИЦА ДИМЕСКА, слики.....70.000,00 ден.

Во Културно-информативниот центар во Скопје отворена изложбата на слики Noise од Верица Димеска. Делата од овој циклус ги создава почнувајќи од времето на корона кризата, кога изолацијата особено се рефлектираше врз уметничката експресија.

Работени во комбинирана техника – спреј, акрилик, јаглен на платно и хартија, но и вез – делата од циклусот Noise во кои се мешаат мноштво визуелни сензации на реалноста и апстракцијата, мемињата, емоциите и глобално препознатливите симболи, претставуваат различни секвенци восприемени од хаосот на информации низ етерот.

Верица Димеска родена 1968 година во Скопје. Во 1991 година дипломирала на Факултетот за ликовна уметност во родниот град. Магистрирала на Холандскиот уметнички Институт. Живее и работи во Скопје, Македонија. Член на ДЛУМ. Реализирала повеќе самостојни изложби, а учествувала на групни претставувања во земјава, Холандија, Мексико, Хрватска, Србија, Турција. Изложбата во КИЦ ќе биде отворена до 1 ноември.

d

МАРЈАН СТОЈАНОСКИ, скулптури .....60.000,00 ден.

Стојаноски е роден во Прилеп во 1983 година, средното образование го завршил во Уметничкото училиште „Лазар Личеноски“ во Скопје, а студиите на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на проф. Ибрахим Беди. Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија – ДЛУМ. Двапати беше претседател на здружението на уметници од Прилеп. Во 2015 година ја доби наградата за скулптура „Јордан Грабул“.

Првата самостојна изложба на Стојаноски беше претставена во Софија која била составена од ротирачки скулптури изработени со метални и дрвени елементи. Делата се создадени во изминатите две години, а годинава беа претставени воЈУ Културно информативен цетар- Скопје.

ЕРТУНЧ САЛИ, слики и графики.....60.000,00 ден.



Сали Ертунч е роден во 1990 година во Скопје, Македонија. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности – Скопје, Македонија, како графичар и графички дизајнер. Своето студио го отворил во Скопје заедно со колегите од факултет, потоа познат како колектив Кула. Неговиот најголем придонес за културната сцена во Скопје беше да биде еден од основачите на колективот Кула и да организира многу културни настани (концерти, изложби, настани за храна и сл.) во Скопје, како и свои изложби.

Ертунч Сали ја презентира својата изожба насловена ,,Look Up" од 20 графики кои се изработени во техника линорез. Повеќето од графиките се комбинирани со други техники кои се неконвенционални за графика. Неговиот обид за кршење на правилата во графиката можеме да го набљудуваме во комбинирањето на офсетните бои со спреј бои. Тој со помошта на стенсилот го аплицира спрејот на графиките, како комбинирачка техника.

ДАВИД АТАНАСОВСКИ, инсталација.....60.000,00 ден

„Геолошки пресек 2“ изложба на Давид Атанасоски

Геолошки пресек 2“ е насловот на изложбата од Давид Атанасоски отворена во Културно-информативниот центар во Скопје е ѕидната инсталација ја сочинуваат многубројни конструктивни елементи со разни карактеристични својства и особености формирајќи комплексен „артифициелен пејзаж“.

Викторија Димеска, историчарка на уметност, објаснува дека во внатрешниот галериски простор на еден ѕид е поставена фотографија со претставата на густо подредени шумски стебла, печатена на долго хоризонатлно платно. Вертикално и рамномерно подредените отпадни дрвени даски со различни должини се поставени на спротивниот и напоредниот ѕид.

ДЕЈАН ИВАНОВ МАРГУШ, црежи.....70.000,00 ден.

Еден од нашите уметници, ***Дејан Иванов –Маргуш,*** на својата изложба, наименувана; “Пејсажи“ се претстави со високо професионален и активен пристап кон уметничкото творештво како и со грациозноста на својот препознатлив изведувачки израз.

Со својата бравурозна сликарска изведба и искрен пристап кон творењето, создава дела во кои успешно воспоставува хармонија со внимателно избрани за него својствени колоритни тонови.

НИКОЛА СМИЛКОВ,скулптури.....70.000,00 ден

Емоции“ е насловот на изложба на скулптури од Никола Смилков, авторот своето уметничко дело како од самите негови почетоци го поврзува со таинствени нишки со култниот однос кон човечката фигура, особено женската.

Никола Смилков е роден 1973 година во Штип. Дипломирал и магистрирал на Факултетот за ликовни уметности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во класата на проф. Драган Попоски-Дада. Во 2012 година се стекнува со титула доктор на науки на Педагошкиот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, од областа на Методика на ликовно образование.

Учествувал на многу меѓународни симпозиуми. Има поставено повеќе монументални скулптури и учество на групни изложби во Австрија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Бугарија, Романија, Турција, Франција, Кина, Египет и Индија.

ПРОЕКТ 4, групна изложба.....100.000,00 ден.

Во Културно-информативниот центар – Скопје, во салоните „Императорал 1 и 2“ на 5 јули реализирана е групната изложба насловена „Проект 4“ од ликовните уметници Татјана Армуш, Данијела Тасиќ Цветковиќ, Мила Алексиќ и Татјана Димитријевиќ од Србија.

Татјана Армуш е родена 1986 година во Сомбор (Србија), каде завршува основно училиште и средно училиште. Дипломирала 2009 година на Факултетот на уметности во Приштина (со седиште во Звечани) на смерот Ликовна графика во класата на професорот Зоран Јовановиќ – Добротина. Реализирала три самостојни изложби и излагала на повеќе колективни во Сомбор, Нови Сад, Белград, Косовска Митровица и Грачаница.

Данијела Тасиќ Цветковиќ е родена 1974 година во Оџаци. Завршила гимназија „Вељко Петровиќ“ во Сомбор. По завршувањето на ВШЛИПУ во Белград, запишува Факултет за ликовна уметност, отсек сликарство. Дипломирала 2003 година, а магистрирала 2007 на истиот факултет во класата на професорот Јован Сивачки. Член е на УЛУС од 2003. Добитничка е на неколку награди за сликарство во текот на студиите и награда на Сомборскиот Ликовен салон 2017 година. Често учествувала на групни изложби, а излага и самостојно.

Мила Алексиќ живее и работи во Сомбор, учествувала на повеќе заеднички изложби и реализирала една самостојна. Се занимава со самоистражување низ концептот на монохромни инсталации и записи.

Татјана Димитријевиќ е родена 1965 година во Сомбор, Србија. Дипломирала 1988 на Академијата на ликовна уметност во Нови Сад, на отсекот за сликарство, во класата на професорот Душан Тодоровиќ. Излагала самостојно и на бројни колективни изложби во земјата и странство (Италија, Норвешка, Француска, Швајцарија), учествувала и на повеќе ликовни колонии. Од 2009 до 2018 година ја реализирала стрит-арт акцијата на плоштадот „Св. Тројство“ во Сомбор.

Вон програмски ликовни изложби:

- НЕМАЊА ЏОРЏЕВИЌ Изложба на фотографии - Ник Кејв
- САШО АЛУШЕВСКИ Изложба на фотографии (Продажен салон)
- „ЗРНО“ групна изложба на алтернативни фотографии
- Изложба на графики од работилница со Шќипе Мехмети
- Изложба на рачно изработени аудио засилувачи Президент Аудио
- Тасим Кадриа – слики

„55 години КИЦ“

Се одбележа "55 години КИЦ"- постоење на ЈУ Културно информативен центар – Скопје со ретроспективна изложба на слики и плакати.

ПРВИОТ ПЛАКАТ ИСПЕЧАТЕН ВО ДИЗАЈН ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПРВАТА ИЗЛОЖБА НА ЈУ Културно инфорамтивен центар -Скопје

Големата јубилејна изложба **„55 години КИЦ“**, во чии рамки се изложени плакати од богатата историја на настани одржани во КИЦ печатени во графичкото студио и слики од богатата колекција, е отворена во двете галерии Империјал 1 и 2 во Културно-информативниот центар. Центарот е формиран во септември 1967 г. и уште од самото формирање го има едно од најважните места на културното дејствување во градот Скопје и во цела Македонија. Во својата богата историја, центарот има организирано над 6.000 настани, како ликовни изложби, перформанси, концерти, промоции на книги, драмски претстави, кинопретстави, трибини и фестивали на отворено. Во својата ликовна збирка центарот има околу 430 дела од домашни и од странски автори. Дел од оваа збирка е изложен во рамките на големата ретроспектива по повод 55 години КИЦ.

– Оваа година настаните одеа под логото „55 години Културно-информативен центар – Скопје“, што значи го одбележувавме јубилејот 55 години постоење на оваа културна установа, кој кулминира со ретроспективна изложба. Концептот е да се направи ретроспектива на изминатите 55 години богата историја и уметничка програма. Содржи слики од нашата колекција, плакати за настаните, фотографии, каталози од изложбите што се одржале во минатото, разни артефакти. Колекцијата има дела од Мартиноски, Чемерски, Масин, Станковски… – вели Тони Димитров, директорот на КИЦ.

Според него, КИЦ имал пионерска улога во голем дел од уметничките тенденции во Скопје и токму тоа сакаат да го прикажат со оваа изложба.

Јубилејна изложба „55 години КИЦ“ во чии рамки се изложени плакати од богатата историја на настани одржани во КИЦ печатени во графичкото студио и слики од богатата колекција

Средства за одбележување на 55-години постоење на ЈУ КИЦ-Скопје 120.000,00

СИТЕ ЗАЕДНО, ЗА СИТЕ ПОУБАВО

Доделени средства од Град Скопје

Вкупно: 560.000,00 ден

Настап на ЛП ДУО (Република Србија) и Дуња Иванова и Dubnotic

Светски реномираниот пијанистички состав „ЛП дуо“, составено од пијанистите Соња Лончар и Андрија Павловиќ, на 25 јуни (сабота),настапи во Македонска филхармонија во организација на Културно-информативниот центар во Скопје. Ова е еден од најзначајните скорашни настани на КИЦ во рамките на неговите програмски содржини за годинава.

На концертот тие го промовираат новиот албум „Dead Sea“, а домашна поддршка ќе им бидат пијанистката Дуња Иванова и „Дубиотик“ – проект на електроакустична симбиоза.

Поврзувањето на класичниот акустичен звук со електроника што носи печат на ориентот и прогресивни елементи на традиционалните инструменти одразува естетика со спротивставена експресија. Овозможожува единствено доживување за публиката, особено што за првпат на македонската музичка сцена се отвора можност за поврзување на две сосема различни музички изразни форми во една целина. Настанот е во рамките на манифестацијата „Сите заедно, за сите поубаво“, во организација на Културно-информативниот центар – Скопје.

Македонија Култура Четврток, 23 јуни 2022

Светски реномираниот пијанистички состав „ЛП дуо“ во Скопје

На концертот, тие ќе го промовираат новиот албум „Dead Sea“, а домаќин поддршка ќе им биде пијанистката Дуња Иванова и „Дубиотика“ – проект на електроакустичка симбиоза

Светски реномираниот пијанистички состав „ЛП дуо“, составен од пијанистите Соња Ѓолчар и Андреја Павлиќ, доаѓа во Скопје, на 25 јуни (сабота), во 20 часот, настапувајќи „Мала Терезиа“, во организацијата на Културно-информативниот центар – Скопје. Оваа е одлична соработка на КИЦ во рамките на летните програмски подготовки за таа година. На концертот тие ќе го промовираат новиот албум „Dead Sea“, а домаќин поддршка ќе им биде пијанистката Дуња Иванова и „Дубиотика“ – проект на електроакустичка симбиоза.

Соња Ѓолчар и Андреја Павлиќ настапуваат заедно како „ЛП дуо“ од 2004 година. По завршувањето на соодветните студии на Факултетот за музичка уметност во Белград, тие завршуваат и магистериум по музичка и теорија „Росиниа“ во Германија. Како солисти и камерни членови на најзначајните дом дела и ансамбли, на многубројни концерти ги изведуваат оригинални дела на современата светска литература. Тие се спојаа во еден уникатен состав кој ја изразува и ја прикажува поетиката на современата музика.

Досегашниот уметничкиот и одраснат успеаи концерти во турнеи во Србија, Холандија, Финска, Данска, Швајцарија, Германија, Франција, Словенија, Хрватска, Монтенегро, Сан Марино, Данска, Италија, Унгарија, Босна и Херцеговина, ОАД, Одраз и многубројни концерти за УНИЦЕФ во Германија. Сработувајќи со познатите имиња на Симфонискиот оркестар на РТС, Белградската филармонија, Извонредниот оркестар на Народниот театар во Белград и Германскиот оркестар на Медијаси, Кемелиан, Гревемајер и многубројни гостувања од 30 години со домаќини и странски композитори на современата музика. Меѓу многу оваа настани бендот е и премиерен и ексклузивен и се снимаат посетени. Досегашниот квинтет е подарен на седум во Србија, Хрватска, Данска и во Холандија. Соња Ѓолчар и Андреја Павлиќ редовно одржуваат мајсторски класи на пијано дуо и music workshops. Во 2014 година добитници на пијанистичкиот „Кајрос“ во Виборг, а во 2015 година прошируваат репертоарот и во претходната сала „Лемдалитер“ во Виборг.

Соња Ѓолчар дипломирала Факултетот за музичка уметност, а Андреја Павлиќ е дипломирал на Академијата НОДА Европска универзитетска во Белград. Заедно се основачи на проектот фестивал посветен на клавирот „Кајрос“ во Белград. Покрај извонредната активност „ЛП дуо“ конкурираа музика за ансамбл Дуета (с 2012). Продуцентите во Белград, Југословенски драмски театар, БАТЕРО, ... ангажираа за нивните кореграфии и музичка шема.

Дуња Иванова (виолина) и Мартин Зафировски во настапот на „Електроакустичка симбиоза“ – уникатен спој на интересантни музички елементи со елементи на електронска музика, со цел да ги изведат на сцена, со цел да ги изведат авторски дела на високо ниво. Покрај многу надлежниот квантум на ритмичкиот дел, на клавиатурата се Ориентот и прогресивни елементи на традиционалните инструменти одразува естетика со спротивставена експресија. Тие ја овозможија користењето доживување за публиката, особено што за прв пат на македонската музичка сцена се отвора можност за поврзување на две сосема различни музички изразни форми во една целина.

Настанот е во рамките на манифестацијата „Сите заедно, за сите поубаво“, во организација на Културно-информативниот центар – Скопје.

В.Д.

МУЗИЧКИ СЕКТОР

Доделени средства од Град Скопје

Вкупно: 473.000,00 ден

Jazz day – Одбележување на меѓународниот ден на џезот – Георги Шарески трио.....**33.000,00 ден**

Букршлиев / Омерагиќ / Спировски трио .....**32.000,00 ден**

Меѓународниот ден на џезот е Меѓународен ден прогласен од Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (UNESCO) во 2011 година „за да го истакне џезот и неговата дипломатска улога да ги обедини луѓето од сите страни на светот“. Се слави секоја година на 30 април.

Културно информативниот центар – Скопје се придружи кон неговото одбележување со два концерти и тоа Букршлиев / Омерагиќ / Спировски Трио и Георги Шарески Трио. Со овој своевиден мини фестивал, официјално се започна годишната концертна програма за оваа година.

Ден на пијаното ……28.000,00 ден

„Ден на пијаното“ е светски настан, кога во текот на еден цел ден му се посветува внимание на пијаното. Бидејќи клавирот, по правило, има 88 клавиши, настанот се случува токму на 88-от ден од годината.

„Ден на пијаното“ е настан за промоција на млади пијанисти, нови звуци, млади и иновативни македонски и странски композитори.

Настанот е иницран од германскиот пијанист и композитор Нилс Фрам. Тоа е ден, кој не е посветен само на познатиот уметник од Берлин, туку и на прекрасниот инструмент со клавијатура. На денот на настанот во целиот свет љубителите на пијано одат на концерти.

Концерт на Мартин Георгиевски - Amplidyne Effect..... 30.000,00 ден

Amplidyne Effect е аудио проект на Мартин Георгиевски (р. 1988 година во Скопје, Македонија) кој го започнува 2009 година. Проектот завзема форма како импровизациски сесии во живо, во спектар на електронска, амбиентална и експериментална музика. Неговиот прв албум „Oldcast 50#: Blossom“ го издаде во 2013 година во соработка со музичари од Македонија, Америка и Аргентина преку интернет комуникација. Потоа следуваат бројни изданија издадени за дигитални платформи и етикети со разни артисти и проекти како Post Global Trio, Meissa Ionis и Светлост + Odron Ritual Orchestra. Неговиот следен албум „Moribund Neighborhoods“ ќе излезе за Белгиската издавачка куќа „Transonic Records“ лето 2022 година. Како соло прокет или заедно со бендови има настапувано на Skopje Jazz Festival, Филозофски Филмски Фестивал, PNEM Soundart Festival во Холандија, Д Фестивал, Pohoda Festival во Словачка, Biennale of Western Balkans во Грција, Live Soundtrack во Белград, како и многубројни настапи низ Македонија, Косово, Србија, Холандија и на интернет стрим. На настапот е придружен од Владимир Мартиновски и Соња Димитриоска. Покрај импровизациска изведени се и песни од Asimetrika, Prosaic Skies и Moribund Neighborhoods.

Концерт на квартетот Инструментал .....31.000,00 ден

Квартетот „Инструментал“ на програмата имаа дела од албански композитори и песни на албанската икона Вече Зела, оркестрирани во духот на класичната музика за овој вид на квартет и гитара

Концерт на Кристијан Гиновски трио .....26.000,00 ден

Триото „Good Habits“ е оформено во 2021 година во Скопје и изведува музика од повеќе жанрови: џез, фанк, блуз итн. Членовите се активни во македонската музичка сцена повеќе од 12 години со повеќе групи и проекти.

Членови: Кристијан Гиноски – Вокал, Иван Петровски – Гитара, Дејан Митровиќ – Бас Гитара.

Кристијан Гиноски е независен артист од Скопје. Примарно се занимава со пеење и свирење гитара, а има членувано во повеќе бендови како бас гитарист. Активно настапува од 2010година, со огромен број а акустични настапи, како и настапи со цел бенд. Има учествувано на повеќе фестивали и настани, дел од нив се: Скопје стрит фестивал, два трибјута на бендот Pink Floyd, интернационални настапи во Малта и Чешка. Настанот би се состоел од акустични изведби на песни од повеќе краеви на светот. Изведбата ќе биде со акустичен состав Кристијан Гиноски Трио. Настапува со двајца дипломирани музичари, Дејан Митровиќ – бас гитара и Иван Петровски – акустична гитара.

Концерт “Под ѕвездено небо’’ – во режија на Трајко Јордановски ..45.000,00м ден

Концертот, освен вокалната интерпретација од страна на солистите, беше збогатен и со режиска разработка на музичките точки од програмата, со што ја збогати и оплемени визуелната страна од овој проект, збогатен и со светлосни ефекти. Корепетитор на концертот е Елена Силјаноска, а солисти се Виктор Битоски и Билјана Бајевска.

Трајко Јордановски е македонски оперски режисер, кој ја има режирано словенечката оперета „Ковачев студент” во Нова Горица во Словенија, со друштвото Франце Прешерн, а со солисти од МОБ. На малата сцена на МОБ тој ја има поставено претставата „Васовалци”.

Концерт на Toot квартет – Џез вечер со Клод Болинг.....41.000,00 ден

Џез вечер на францускиот џез пејач, пијанист и композитор, **Клод Болинг** заедно со македонскиот џез состав „Toot quartet“ се одржи на (1 јули), со почеток во 19 часот и 19 минути воЈУ Културно-информативниот центар – Скопје.

Болинг има големи заслуги за традиционалното заживување на џезот кон крајот на 60-тите. Има пишувано музика за 75 филмови, за 44 телевизиски серии, 11 композиции во кросовер стил за пијано, флејта, виолончело, труба, виолина, гитара, саксофон кои се микс од популарна, џез, класична музика, посочуваат од КИЦ.

Џез групата „Toot quartet“ во состав на Стојанче Косовски на труба, Емилија Кабранова Филипова на пијано, Зоран Павлоски на контрабас и Филип Шурбевски на тапани е формирана во 2020, а досега има настапувано во неколку градови низ Македонија.

Коцерт - Генијалноста на семејството Бах .....47.000,00 ден

Таткото Јохан Себастијан Бах ја развил хармонијата, тоналитетите и контрапунктот на највисоко можно ниво кое е актуелно и денес, а неговите синови ја потстрекнале музиката во нов правец и нова ера – Класицизмот, во сите негови форми. Заедно развиле музички јазик кој влијаел на сите компзитори подоцна, без кој секако класичната музика би се развила на сосема друг начин од онаа каква што ја познаваме денес.

Низ текст, слајдови и музика се доловува историјата на семејството Бах со изведбата на фрагменти од неколку значајни и познати камерни дела, како Die Kunst der Fuge, Erbarme mich (Matheus passion), и неколку несекојдневни сонати кои ретко можат да се најдат во репертоарот на подиумите во светот и кај нас, и кои со својата уникатност и убавина го илустрираат периодот од Барокот до доцниот Класицизам.

Концерт Трип триптих – 30 прсти - шестрачно пијано.....45.000,00 ден

Со музички настапи на пијано триото составено од Марија Вршкова, Петар Макариевски и Весна Ангелова во Културно информативниот центар (КИЦ), Скопје, се одржи концертот „30 прсти“. Присутните имаа можност да ги проследат делата „Fantasies op.741“, „ Ames d’enfants“, „Pures“, „Naives“, „Mysterieuses“, „Grande Fantasies – Norma,op.689 no.2“ и „Fantasia La Traviata“.

Пламенка Трајковска – Танго трио.....30.000,00 ден



Танго трио сосема ги проучува и ги пренесува тајните на танго музиката пред аудиториумот, како на концертната сцена така и на подот за танцување и сосема го вовлекува слушателот во танго магијата.

Тимко Чичаковски - Мулти-култи музика.....39.000,00 ден

Проектот е насловен Мулти – Култи музика, додека на програмата се изведува разновидна музика од светот и музика на повеќето заедници кои живеат во нашата земја.

Учесници: Милан Кацарски – хармоника,Владимир Комненовски – кларинет,

Тимко Чичаковски – канон,Марко Марковски – перкусии

Васил Атанасов – Магија на музиката .....34.000,00 ден

Проект е несекојдневен и интересен бидејќи го реализираа познати уметници со меѓународна кариера, кој свират на два стари инструменти – обоата и харфата и опфаќа програма од стара барок музика, преку романтична, филмска, се до нова музика, обработки и македонски автори.

Ива Дамјановски – Пијано рецитал.....12.000,00 ден

Ива Дамјановски (1996, Скопје) е дипломиран пијанист на Факултетот за музичка уметност при УКИМ (2019), класа на проф. Тодор Светиев. Моментално е студент на катедрата за музикологија на универзитетот „Università di Trento“, како и на катедрата по Музичка интерпретација и композиција на Факултетот за музичка уметност при УКИМ – Скопје, класа на проф. Марија Ѓошевска. Добитник е на наградата на УКИМ за најдобар дипломиран студент на Факултетот за музичка уметност во учебната 2018/2019 година.

- **Ване Аревски – Музика за флејта и пијано од македонски автори (планираниот концерт е откажан)**

Вон програмски активности:

- Концерт на класична музика (Шкелзен Бафтиари, Исмет Вејсели, Слаѓа Раичевич)
- Лира Фест
- Концерт – Вечер на Моцарт (Биљана Јосифов и Иван Еминовиќ)
- Концерт на Ѓеорги Трајков – гитара
- Концерт на Виктор Битовски и Елена Силјаноска
- Вечер на словенските хорови
- Концерт на Александра Димитриевска Колевска и Татјана Божиновска
- Концерт на Артан Мустафа и Билјана Петровска
- Концерт на албански фолклорни друштва
- Концерт Трио (Биљана Јосифов, Кирил Јосифов и Иван Еминовиќ)
- Концерт на квинтет кларинети (студенти)
- Есенски музички свечености – 2 концерти
- Фестивал за деца

Мултикултурна манифестација
„ЗВУКОТ НА СКОПЈЕ“

Доделени средства од Град Скопје 2.000.000

Звукот на Скопје е една од нај реномираните долгогодишни уметнички традиции во културниот живот на нашиот град. Истата за прв пат се среќава во 2006 година под името ,,Звуците на чаршијата,, истиот оваа година истиот беше преименуван во ,,Звукот на Скопје,, притоа задржувајки го духот на современото кое се надоврзува на минатото преку една културна нишка која ја поткрепува курлтурната едукација како на младите така и на постарите.

Ден 1

16.09.2022

Фотографии од настапот на Констракта

Оваа година односно 2022 со наша голема чест на **,,Звукот на Скопје,,** имавме извонредни гости. Една од најактуелните бендови на Балканот но и во Европа ,,констракта,, која истатата година се здоби со извонредни критики по настапот на Евровизија, не не остави рамнодушни со својот феноменален настап.

Плакати за манифестацијата ,, Звукот на Скопје 2022,,

Фотографии од концертот на Дина Јашари

Фотографии од концертот на беднот ,, Хајка,,

Додека на Плоштадот ,,Мајка Тереза,, се одржуваа концертите на горенаведените бендови во империјал I и империјал II во Културно информативниот центар се одржуваа следните настани:

Настап на гудачкиот квартет ,, Viva strings,,

MACEDONIA изложба на Daniel Chastinet & Wilson Neto (Бразил)

Macedonia изложба која е инспирирана од културниот живопис на македонската културна историја.

Ден 2

17.9.2022

Империјал I и II

Фотографии од настапот на музичките уметници ,,Diaz Wojtas Duo,,

Фотографија од изложбата на Игор Калц

Фотофрафија од поетското читање ,, поетување со Кени,,

Салон 19:19

Фотографии од детската претстава ,,Куферко,,

Фотографија од настапон на Добрила и Доријан

Фотографија од настапот на ,,баклава,,

Плоштад Мајка Тереза

Оваа вечер на плоштадот ,,Мајка Тереза ,, имавме една феноменална мешавина од сите сфери на музичката уметност.

Фотографија од настапот на ,,Брука бенд,,

Фотографија од настапот на Бендот ,,Бла Бла Бла,,

Фотографија од настапот на ,,Foolish green,,

Фотографија од Настапот на Тони Китановски

Фотографии од настпот на ,,Љубојна,,

Манифестацијата ,,Звукот на Скопје,, се здоби со безброј позитивни критики како и со голема посетеност истата беше успешен реализиран проект притоа издигнувајќи се како најголемата манифестација која КИЦ ја организира годинава.

Градски културен магазин „Скопје Култ“

Доделени средства од Град Скопје 800.000,00

Градски културен магазин/водич „Скопје култ“ издадени 5 (пет) броја во 2022 год.

издавач: Културно информативен центар - Скопје

Издадени се 5 броја во текот на 2022 година: 4 двомесечници и еден месечник (декемвриски специјален новогодишен број/ретроспектива на годината)

Новина во работата на Културно информативниот центар – Скопје е враќањето и на информативниот карактер на установата преку издавање на првиот електронски градски културен магазин, насловен „Скопје култ“, водич за сите културните случувања во градските културни установи во Скопје.

Првиот број на „Скопје култ“ е издаден во месеците април-мај 2022 година, во формат на колор-издание, кое ќе излегува како двомесечник, во електронска форма, а ќе може да се преземе бесплатно на социјалните мрежи на КИЦ.



Квалитетно колор издание на 40 страници во електронска верзија и донесуваше преглед на културните настани во градот, како и авторски статии, со цел да се разбуди интересот за културата и уметноста и се привлече голема посета на културните настани, манифестации и фестивали, и културните вредности да се доближат до целата градска средина, а особено до перфиферијата каде што има недостиг на информации. Децентрализација и нејзино дисперзирање е еден од клучните елементи на овој проект.

Магазинот има информативен карактер во областа на културата и уметноста, збогатен со визуелни - фото содржини. Ја опфаќа институционалната и независната сцена, како и сите области на творештвото (архитектура, едукација, филм, книга, културна политика, музика, театар, стрип, визуелни уметности…) и тоа на сите етнички заедници со цел да биде вистински претставник на мултикултурноста на градот.

Содржините имаа посебен фокус на активностите на културните установи што се во надлежност на Град Скопје со цел промоција на нивните активности и програма.

***Опис и содржини:**

Насловна страница и воведник

Културен календар - најави на настани

Фестивали и манифестации

Музеи и галерии (изложби)

Културни центри (активности на градските установи МКЦ, ДКЦ, КИЦ...)

Мега интервју со личност што го одбележува месецот

Филм/театар

Музика/книги

Урбана култура (архитектура, графити, стрип, фотографија...) Светска сцена

ДРАМСКИ СЕКТОР

Во 2022 година не беа доделени средства за реализација на проектот **ГИМНАЗИЈАДА**, која е традиционална манифестација каде младите од Скопските гимназии беа ангажирани во изработка и изведба на мини-театарски претстави.

Целта на манифестацијата е:

- Да им се овозможи на младите да излезат од училишните рамки и да го презентираат својот труд на театарски даски и на сцена која е отворена за поширок круг на публика.
- Меѓу нив може да се сретнат одлични таленти кои треба јавноста да ги запознае, што може и мошне стимулативно да делува на нивната креативност и понатамошен развој;
- Да им се овозможи да се развиваат и растат во креативно окружување и во целосна слобода на изразот да ги насочат своите активности кон реализација на своите истражувања, мечти, желби, поттикнати успешно да се носат со предизвиците на транзицијата.
- Сега веќе, од искуство стекнато во минатите години, со сигурност може да потврдиме дека Проектот позитивно влијае врз развојот на овие млади луѓе, кои слободното време ќе го искористат за едно интензивно творење и дружење, надвор од училишната стега, која оценува со ***бројка***. Оваа манифестација е замислена да биде без *возрасни* оценувачи, селектори, критичари… Тука учениците сами се критикуваат и оценуваат, а селекцијата ќе ја направат по завршување на манифестацијата, со една водечка желба..... другата година да покажат и докажат дека може да бидат најдобри, пред `се за себе, за публиката и аплаузите.

Вон програмски манифестации:

- Претстава ПАЦИЕНТИ (Театар Провокација – премиера) - 2 изведби

- Претстава РАЗВЕДИ МЕ (Театар Провокација)

- Претстава ОЖЕНИМЕ (Театар Провокација) - 2 изведби

- Претстава “Госпоѓица Јулија“ -ПРЕМИЕРА - режија: Мето Јовановски

- Детска драмска претстава ЈАС СУМ АКИКО (Театар Провокација - ПРЕМИЕРА)

- Новогодишна детска претстава НОВОГОДИШНИ ЖЕЛБИ - ПРЕМИЕРА - Театарска група: АРТ ВЕНИ ВИДИ x4

- Изведба на детска приредба „Новогодишната бајка на малите лилипутанци“ на ПУДДГ „Лилипут Дворче“ – Скопје

- НОВОГОДИШНА претстава - Каде е Рудолф

Антонио Димитров, директор

Скопје, февруари 2023